# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 21 став 4 од Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија” бр. 110/07, 20/09 и 17/11) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАСИРАЊЕ НА ПАЗАР НА ЃУБРИЊАТА ВО РИНФУЗНА СОСТОЈБА (*) 1

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на пласирање на пазар на ѓубрињата во ринфузна состојба.

## Член 2

Ѓубриња од сите типови и видови во ринфузна состојба се пласираат на пазарот, се пакуваат во контејнери од дрвена, пластична и метална амбалажа, а се транспортираат во вагони-кипери, или во обични превозни средства кои имаат соодветна опрема за утовар и истовар, како и опрема за заштита на губрето од атмосферските услови. Течните ѓубриња се складираат во боксови со различна големина, изработени од хемиски отпорни материјали на течни ѓубриња (нерѓосувачки челик, алуминиум и пластика).

Во ринфузна состојба не треба да се пласираат на пазарот амониум-нитратни ѓубриња.

Ѓубрето во ринфузна состојба може да се складира во магацини во форма на куп.

## Член 3

За пласирање на ринфузни ѓубриња на пазарот, големината на пакувањето на ѓубрињата за исхрана на растенијата во ринфузна состојба ја одредува произведувачот во договор помеѓу потрошувачот и производителот.

За квалитетот на пакуваното ѓубре во ринфузна состојба производителот одредува одговорно лице, кое гарантира за квалитетот на ѓубрето.

## Член 4

Произведувачот ѓубрето во ринфузна состојба го произведува по потреба на потрошувачот.

Ѓубрето треба да ги исполнува критериумите што се бараат од потрошувачот, и треба да бидат составен дел на декларацијата.

Декларацијата треба да содржи:
- тип на ѓубре;
- составот на ѓубре;
- име на производителот;
- дата на производство;
- трајност;

- начин на пакување;
- начин на транспорт и
- упатство за начин на чување на ѓубрето.

## Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.17-318/5
октомври 2011 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски** , с.р.